# „Зарем некој од вас не е способен секој ден да заработи илјада добри дела?“

Сад бин Ебу Векас, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Седевме кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кога тој рече: „Зарем некој од вас не е способен секој ден да заработи илјада добри дела?“ Еден од присутните праша: „Како може некој од нас да стекне илјада добри дела?“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, одговори: „Кој ќе изговори ‚субханаллах‘ стопати, ќе му се запишат илјада добри дела или ќе му се избришат илјада лоши дела.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ги праша асхабите: „Зарем некој од вас не е во можност секој ден да заработи илјада добри дела?“ Еден од присутните рече: „Како човек може толку лесно да стекне илјада добри дела за еден ден?“ Тој одговори: „Кога ќе изговори ‚субханаллах‘ стопати, ќе му се запишат илјада добри дела – бидејќи секое добро дело се наградува десеткратно – или ќе му се избришат илјада лоши дела.“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee